**20100801438**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 417 алинеја 9 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ИСПИТИ И КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ИСПИТНИТЕ ЦЕНТРИ, ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ВРСКА СО СПРОВЕДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ИСПИТИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/07, 150/07 и 127/09), во член 58 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Комисијата од ставот 1 на овој член, е составена од претседател и четири члена.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 141-40659/1
11 јуни 2010 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.